Subscribe | Past Issues | View this email in your browser | Translate | RSS




### *Можеме и поинаку*

Како да се прифати различноста во стварноста во која постоиме?
Некогаш тоа што животот некому му го одзима при раѓањето или на патот на развојот, судбината му го надокнадува со некоја поголема дарба. Делата на успешните - Френклин Рузвелт, кој од инвалидска количка раководел со светска сила као што е Америка, ширината на умот на астрофизичарот Стивен Хокинг (*Stephen William Hawking)* или Деветата синфонија на глувиот Бетовен, зборуваат за исклучителна дарба на лица со попреченост. Не така одамна и не така далеку, во нашето соседство, една исклучителна личност на Serbia Fashion Week, својата различност ја претвори во дарба – репрезентативецот на Србија во паракајак – Вук Радовановиќ.

Што се случува кај нас, дали ги прифаќаме лицата со попреченост во нашата средина? Дали го препознаваме Александар Матовски - Цако, првиот македонски студент со Даунов синдром, кој ја раскажа својата приказна на Светската конференција во седиштето на Организацијата на Обединетите Нации во Њујорк или Нина Костовска од Тетово, девојката со Даунов синдром која преку видео снимено  од УНИЦЕФ им покажа на луѓето дека и таа може. Нина ги поттикна луѓето да не гледаат во попреченоста, туку во можностите што ги има секој од нас. (https://bit.ly/32qtKML)

Тимот на ЗГ ЦеПроСАРД, продолжува со имплементација на проектите, како на локално така и на национално ниво, обидувајќи се да ги прифати и вклучи во заедницата, лицата со попреченост. **Заедно за повеќе можности -** е мото со кое тимот на ЗГ ЦеПроСАРД продолжува во своето работење во идниот период.

Ве покануваме да го прочитате најновиот број на нашиот Е-билтен и да ни се придружите во креирањето на идни нови, интересни и корисни активности за одржлив развој и социјални аспекти.






**Донација на средства за дезинфекција на внатрешен простор, површини, лична дезинфекција и опрема за лична заштита во рамки на проектот „Заедно за повеќе можности и поддршка – ТИМОР”**




Проектниот тим на проектот „Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР“, заедно со глобалната заедница, се залага за придонес во спречување на ширењето на вирусот Ковид-19 и олеснување на предизвиците и потешкотиите со кои се соочува општеството во кое живееме и работиме. На 21.07.2020, проектот ТИМОР финансиран од Европската Унија, донираше средства за дезинфекција на површини и лична дезинфекција, опрема за лична заштита и УВ-Гард - иновативен уред за дезинфекција на внатрешни простории на ЈУ Специјален Завод Демир Капија, со цел да ги поддржи штитениците - лицата со попреченост, како и вработените за време на оваа пандемијата.

Проектот е финансиран од ЕУ IPA II 2017, Акциона програма на ЕУ за поддршка на образование, вработување и поддршка на социјална политика во процесот на деинституционализација во социјалниот сектор.

**Изработена Програма за едукација на асистенти за поддржано живеење**
**Проект „Заедно за повеќе можности и поддршка” – ТИМОР**

Проектниот тим на ТИМОР ангажираше експерти, кои ја подготвија Програмата за едукација на асистени за поддржано живеење. Оваа Програма е во согласност со процедурите и прописите на Центарот за образование (ЦОВ) на возрасни.

Програмата за едукација на асистенти за поддржано живеење ќе се верифицира во ЦОВ, а потоа ќе следи и верификација на организацијата за едукација на асистенти за поддржано живеење. Подносител на документацијата за верификација на Програмата за едукација на асистенти за поддржано живеење и на верифицирана организација за организирање обуките, е Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија (ССЕР), кој веќе ја започна постапката.

Целосната процедура се очекува да се финализира до крајот на септември 2020 година. Во меѓувреме Претседателството на ССЕР на својата редовна седница на 24.06.2020 донесе Предлог одлука за регистрација на подржуница во ЦОВ, со потребната дејност за верификација. На 25.08.2020 се одржа редовен состанок на Собранието на ССЕР, на кое што беше прифатено формирањето на подружица „Центар за едукација”.

**Одржани обуки за граѓанските организации во рамки на проектот „Посилна граѓанска поддршка за ефикасна апликација на политиките од областа на енергетиката во процесот на пристапување кон ЕУ"**

На 02-03.07.2020 преку платформата ZOOM, прилагодувајќи се на нововнастанатите околности, ЦеПроСАРД организираше онлајн обука за мониторинг, лобирање и учество во процесите поврзани со спроведување на клучните реформи во енергетскиот сектор. На обуката присуствуваа претставници на здруженија на граѓани, националните институции и од локалната самоуправа.

Обуката се изведе во рамки на проектот „Посилна граѓанска поддршка за ефикасна апликација на политиките од областа на енергетиката во процесот на пристапување кон ЕУ", на темите:

- Вклучување на засегнатите страни во подготовката на националните планови за енергетика и клима;
- Искуства за подготвување долгорочни и интегрирани локални акциони планови за одржлив развој на енергетиката и климатските промени (SECAP) иницирани од движењето на европски градоначалници;
- Планирачки документи за користење на обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност на национално и локално ниво; и
- Можни механизми за вклучување на граѓаните во процесот на среднорочно планирање на развој на енергетска ефикасност, на локално ниво.

Во рамки на обуката, на учесниците им беше презентирана предлог **Заедничка иницијатива за соработката и партнерството на граѓанските организации со националните и локалните власти во областа на животната средина и климатските промени**, која до објавувањето на овој билтен, е потпишана од 13 граѓански организации.

Во исполнување на целите од проектот, поддршка со учество на свои претставници дадоа неколку национални институции и локални самоуправи, како што се Министерството за економија, Агенцијата за енергетика, Градот Скопје, Општината Карпош, а беше остварена и средба со градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, г-дин Александар Наумоски.

Проектот го спроведува ЦеПроСАРД со грант доделен од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (SIDA) преку проектот „Нордиска поддршка за прогрес на Северна Македонија" кој го спроведува УНОПС (United Nations Office for Project Services).





**Направена е анализа на енергетската потрошувачка на болниците во Република Северна Македонија во рамките на проектот „Болници на Балканот со енергија близу нула"**

ЦеПроСАРД веќе трета година го спроведува проектот Болници на Балканот со енергија близу нула – ЗенХ. Главната цел на проектот е да придонесе за подобрување на енергетската ефикасност на болничките згради. Покрај тоа, проектот има за цел да го олесни спроведувањето на EPBD (European Performance of Buildings Directive) преку дефинирање на карактеристики и стандарди за болници со енергетска потрошувачка близу нула. Болничките згради се сметаат за комплекснисистеми бидејќи работат 24/7 - оперативните сали, одделите за стерилизација, лабораториите. Во нив се извршуваат повеќе енергетски интензивни функции:греење, ладење,

вентилирање, постојано загревање на топла вода, а некои болници имаат и сопствени кујни.

Во рамките на проектот направена е анализа на енергетската потрошувачка на болниците во Македонија, и истата покажува значителни разлики кои не се во релација со климатскиот регион.




Потрошувачка на енергија по болници

Просечната годишна потрошувачка во 2017 година изнесувала 330 kWh / м$^2$.

Анализата исто така покажа:

- големи отстапувања во потрошувачка по месеци што е и за очекување;
- електричната енергија и нафтата се и понатаму главни енергенси во болниците (нафтата во зимските месеци бидејќи се користи за затоплување, а електричната енергија во летните месеци бидејќи се користи за разладување).

| Енергенс (во kWh еквивалент) | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Електрична енергија** | **26%** | **27%** | **28%** | **46%** | **68%** | **61%** | **79%** | **79%** | **55%** | **38%** | **32%** | **23%** | **36%** |
| **Лесно масло за горење** | **34%** | **34%** | **36%** | **15%** | **0%** | **0%** | **0%** | **0%** | **0%** | **24%** | **36%** | **33%** | **26%** |
| Природен гас | 22% | 23% | 19% | 25% | 13% | 12% | 13% | 13% | 10% | 14% | 21% | 23% | 20% |
| Мазут | 17% | 16% | 17% | 14% | 19% | 27% | 7% | 7% | 35% | 24% | 10% | 21% | 18% |
| Течен гас | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Биомаса | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| **Вкупно** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

Врз основа на наодите од направените анализи и енергетски конторли на болниците, во наредните месеци ќе биде изготвен прирачник и препораки за примена на различни технологии кои треба да ја подобрат нивната енергетска ефикасност, за да бидат болници со енергетска потрошувачка близу до нула.
Донатор на проектот е ИНТЕРРЕГ Балкан-Медитеран 2014-2020 Европски фонд за регионален развој.

**Усовршување на знаењето и вештините на тимот на ЗГ ЦеПроСАРД**

ЗГ ЦеПроСАРД континуирано работи на зајакнување на капацитетите на тимот. Во периодот од јуни до крајот на август 2020 година, наши претставници присуствуваа на следните обуки и информативни сесии:

1. Справување со климатските промени - *"Информативна сесија за подготовка на проектна апликација за зајакнување на капацитетите за прилагодување на човечкиот капитал кон климатските промени"*. Ова информативна сесија се одржа во организација на Кабинетот на Заменичката на претседателот на Владата задолжена за економски прашања, во улога на Национално назначен орган за Зелениот климатски фонд, во соработка со Германското друштво за соработка во државата, каде се разгледуваа можности за поддршка на институциите кои се директно насочени кон поддршка на човечкиот капитал од аспектите

на климатски промени, односно секторите здравство, образование и ранливи групи на граѓани.
2. Усовршување на вештините за лобирање и застапување, преку обука за изготвување на кратки документи за политики. Во рамките на проектот за Јакнење на капацитетите на членките, во организација на МРР, претставник од ЗГ ЦеПроСАРД учествуваше на online обука за подготовка на кратки документи за јавни политики, како алатка за лобирање и застапување.
3. Обука за усовршување и спроведување на процедурите за работа на организацијата, во организација на МРР.
4. Обука *„Да се оди по патот"*, во организација на МЦМС, која се однесуваше на транспарентно управување со проектен циклус.
5. Претставник на ЦеПроСАРД учествуваше на семинарот *"The momentum for a Balkan New Green Deal and Just Recovery",* кој се одржа на 23 јули 2020 година на платформата ZOOM, во организација на Friedrich-Ebert-Stiftung Dialogue Southeast Europe. На оваа дигитална дискусија посветена на важноста на активистичкото вмрежување, координираните платформи за акција и потребата од Балкански зелен договор и план за закрепнување, се разговараше за барањата за постигнување на инклузивни, правични и подемократски општества.




*Copyright © 2020 CeProSARD, All rights reserved.*

**Our mailing address is:**
info@ceprosard.org.mk

Want to change how you receive these emails?
You can update your preferences or unsubscribe from this list.

This email was sent to <<Email Address>>
*why did I get this?* unsubscribe from this list update subscription preferences